# И З В Е С Т У В А Њ Е

Се известуваат сите физички и правни субјекти кои се занимаваат со угостителска дејност за сместување на туристи на подрачјето на Општина Вевчани,дека според Законот за таксата за привремен престој(туристичка такса) се должни при наплата на извршената услуга за ноќевање истовремено да наплатат и такса за привремен престој(туристичка такса),по лице за остварено ноќевање,како за домашните,така и за странските туристи.

Износот на таксата за привремен престој е 40,00 денари дневно по лице по остварено ноќевање.

Според член 4 и 5 од Законот за такса за привремен престој(„Службен весник на Р.М.„бр.19/96,26/02,51/03,88/08,17/11)-ТАКСА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ НЕ ПЛАЌААТ ДРЖАВЈАНИТЕ НА Р.М. и тоа:

-лица до осумнаесет годишна возраст;
-слепи и глуви лица и лица со телесна инвалидност;
-ученици на училишни екскурзии и кога изведуваат настава во природа;
-лица кои се наоѓаат на лекување;
-сопственикот на сместувачкиот објект(куќа,соба,стан за издавање) и неговото семејство;
-учесниците на спортски игри и натпревари што ги организира синдикатот;

Младинци и студенти државјани на Р.М.сместени во младински одморалишта и домови како и спортисти од Р.М.(поединци и екипи),кога се подготвуваат за натпревари плаќаат ТАКСА за привремен престој во износ од 10,00 денари дневно.

<u>Средствата од таксата за привремен престој треба да се платат до 15-от (петнаесеттиот) ден во тековниот месец за изминатиот месец .</u>

-80% од наплатената такса за привремен престој на подрачјето на општина Вевчани да ја уплатувате на сметка на општина Вевчани и тоа:

Назив на примач:Трезорска сметка
Цел на дознака:Комунална такса за привремен престој
СМЕТКА:1000000000630-95
ИЗНОС:_______________денари
УПЛАТНА СМЕТКА:840-110-03205
ПРИХОДНА ШИФРА:717111-00

-20% од наплатената такса за привремен престој да ја уплатувате на сметка на буџетот на Република Македонија.

Глобата за непочитување на плаќањето на такса за привремен престој за правните лица се движи од 2.000 до 4.000 евра во денарска против-вредност,додека за физичките лица е 600 евра во денарска против-вредност.

За подетални информации,Ве молиме јавете се во администрацијата на Општина Вевчани,секој работен ден 08:30 до 16:30 часот.

ОПШТИНА ВЕВЧАНИ